# ОПШТИНА РОСОМАН

Ул.Пролетерска 1а ; 1422 Росоман ; Република Северна Македонија
Тел: +389 43 441 443 Факс: +389 43 441 331
www.opstinarosoman.gov.mk e-mail: opstrosoman@yahoo.com


**КОМИСИЈА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СЕЛЕКЦИЈА**
Број: _______________
Датум: 03.04.2026 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РОСОМАН
Бр. 02-336/2
03.04 2026 год.
РОСОМАН

Врз основа на член 17-а став 2 од Законот за јавните претпријатија, како и член 45 од Законот за општа управна постапка, Комисијата за селекција на одржана седница на ден 03.04.2026 год. го донесува следниот:

## ЗАКЛУЧОК

за исправка на техничка грешка во Јавен повик бр. 01/26

1. Се врши исправка во делот 8. НАЧИН И РОК НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ од Јавниот повик бр. 01/26 за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на надзорниот одбор во ЈПКД „РОСОМАН“ – Росоман.
2. Реченицата која гласи:

„Рокот за доставување на пријавата трае 5 (пет) дена, почнувајќи од 30.03.2026 година до 03.04.2026 година.“

се менува и гласи:

„**Рокот за доставување на пријавата трае 5 (пет) дена**. Односно согласно член 45 став 2 од Законот за општа управна постапка, рокот почнува да тече од 31.03.2026 година и истиот завршува на ден 06.04.2026 година (понеделник), како прв нареден работен ден.“

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

При објавување на Јавниот повик бр. 01/26, направена е техничка грешка во пресметувањето на календарскиот датум за завршување на рокот, што доведува до скратување на законски предвиденото време за аплицирање.

Комисијата при увидот ги зеде предвид следните законски одредби:

-**Член 17-а став 2** од Законот за јавните претпријатија, кој императивно пропишува дека Советот на општината објавува јавен повик за пројавување на интерес за избор на член на управен и надзорен одбор со времетраење од пет дена.

-**Член 45 став 2** од Законот за општа управна постапка, според кој денот во кој паѓа настанот (денот на објавата) не се смета во рокот, туку рокот почнува да тече од наредниот ден.

Со оглед на тоа што повикот е објавен на 30.03.2026 година, првиот ден од рокот е 31.03.2026 година, додека петтиот ден од рокот паѓа во сабота (04.04.2026), поради што согласно член 45 став 6 од ЗОУП, рокот се продолжува и истекува на првиот нареден работен ден односно на 06.04.2026 година (понеделник).

Оваа исправка се донесува со цел да се обезбеди законитост на постапката и да им се овозможи на кандидатите полниот законски рок од 5 работни дена за поднесување на документацијата.

**Овој заклучок веднаш да се објави на веб-страницата на општината**

КОМИСИЈА ЗА СЕЛЕКЦИЈА:
Митко Пешов-претседател на комисија
Анастасија Петровска-член
Александра Спасова-член